# ЗАПИСНИК
## од 11-та седница на Советот
## одржана на 11.06.2010 година

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов акад. Али Алиу, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** /

**Присутни од Стручна служба:** Огнен Неделковски, Борче Маневски, Емилија Јаневска, Билјана Марковска, Цветанка Митревска, Арѓент Џелили, Слободан Беличански, Магдалена Давидовска – Довлева.

На почетокот на седницата, претседателот на Советот Зоран Стефаноски ги предложи следниве измени и дополнувања на Дневниот ред:

- Дневниот ред да се дополни со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Друштво за транспорт, трговија и услуги Парма – Шпед ДООЕЛ Куманово и Барањето за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Кејблтел ДООЕЛ Скопје за градовите Скопје, Куманово, Велес, Тетово и Штип, коишто беа доставени до Советот непосредно пред одржувањето на седницата;
- Поради најавеното и оправдано доцнење на акад. Бојан Шоптрајанов, првата точка - Предлог-Одлука за објавување Конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за телевизиски програмски сервис на регионално ниво, да се разгледува како точка 25;

Пред да се пристапи кон гласање за утврдување на Дневниот ред, Претседателот на Советот ги замоли членовите на Советот при одлучувањето по Извештајот од точка 16, да имаат предвид дека во меѓувреме операторот на јавна комуникациска мрежа ГИВ Гостивар достави до Советот Барање за регистрација на нерегистрираните канали. Во овој контекст, а имајќи го предвид интензитетот на мониторирање на операторите на јавна комуникациска мрежа, беше пофален Секторот за авторски права, за исклучително работење и залагање во изминатиот период.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски имаше забелешки за доцнењето на Записниците од веќе одржаните седници на Советот и предложи да се обрне внимание на секоја следна седница да се усвојува Записникот од претходната.

Членовите на Советот ги прифатија забелешките и предлозите, и за 11-та седницата беше утврден следниот:

**Д н е в е н  р е д**

1. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси - пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (ДВБ-Т) на територијата на Република Македонија на Диги Плус Мултимедиа (Потврда бр.3 или 4).
2. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД Оператор на кабелска мрежа РОБИ Подружница Телекабел Велес (Потврда бр.3).
3. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД -оператор на кабелска мрежа Кабел Кам Росоман (Потврда бр.5).
4. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД Оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип (Потврда бр.4).
5. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје-Подружница 1

КЕЈБЛТЕЛ Скопје (Потврда бр.14).

6. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Штип (Потврда бр.4).

7. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Сити Свети Николе (Потврда бр.5).

8. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Телекабел Струмица (Потврда бр.3).

9. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД-оператор на кабелска мрежа Супер Хит Градско (Потврда бр.5).

10. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговско радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Телекабел Скопје (Потврда бр.4).

11. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Алтра сат Охрид.

12. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Инфел КТВ ДОО Охрид.

13. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Алмак-сат Гевгелија.

14. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Спајдер ДОО Гевгелија.

15. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на ГИВ Гостивар.

16. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Мултимедија Л Гостивар.

17. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Кале 2001 ДООЕЛ Кичево.

18. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Канал 16 Ресен.

19. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Г-ОН ДООЕЛ Дебар.

20. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Микс Нет од Битола.

21. Извештај од мониторинг на програмскиот пакет на Роби Моби од Битола.

22. Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Друштво за транспорт, трговија и услуги Парма – Шпед ДООЕЛ Куманово (Потврда бр. 3)

23. Барањето за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Кејблтел ДООЕЛ Скопје за градовите Скопје, Куманово, Велес, Тетово и Штип (Потврда бр. 12)

24.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање радиодифузна такса.

25. Предлог-Одлука за објавување Конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за телевизиски програмски сервис на регионално ниво.

26. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси – пренос на дигитални телевизиски услуги преку јавна комуникациска мрежа (ДВБ-Т) на територијата на Република Македонија на Диги Плус Мултимедиа и заклучи на операторот да му издаде Потврда бр.3 за дополнување на радио и телевизиски програмски сервиси - Slovenija 1, RTS SAT и HTV 1. Со оглед на дилемите околу сопственичките удели, беше предложено уште еднаш да се провери сопственичката структура на Диги Плус Мултимедиа.

**Точка 2**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД Оператор на кабелска мрежа

РОБИ Подружница Телекабел Велес, Советот заклучи да му се издаде Потврда бр. 3 за регистрација и дополнување на програмскиот пакет на овој оператор со 3 (три) домашни телевизиски програмски сервиси – К-15 минус, ТВ Сонце и МНЦ и 5 (пет) странски програмски сервиси – Viasat History, Viasat Explorer (кодиран по 00:00 часот), TV 1000 (кодиран по 00:00 часот), DW и Kanal D.

**Точка 3**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД -оператор на кабелска мрежа Кабел Кам Росоман и заклучи да му издаде Потврда бр. 5 за дополнување на програмскиот пакет на овој оператор со 12 (дванаесет) домашни телевизиски програмски сервиси и тоа А1, А2, Сител, Сител 3, Телма, Алфа ТВ, Наша ТВ, АБ канал, К-15 минус, Канал 5, Канал 5 плус и КТВ - Кавадарци и 19 (деветнаесет) странски програмски сервиси RTS SAT, RTCG, HRT 1, SLO1, Super RTL, VIVA, VOX, NET TV, Discovery chanel, Boomerang, Animal planet, Hallmark, MTV Adria, Eurosport, Hayat, DM SAT, FEN TV, Balkanika, MTI TV.

**Точка 4**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД Оператор на кабелска мрежа КДС-ВТ ДООЕЛ Пробиштип и заклучи да му издаде Потврда бр.4 за дополнување со странските програмски сервиси Hayat, Eurosport и Eurosport 2.

**Точка 5**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје-Подружница 1 КЕЈБЛТЕЛ Скопје и заклучи да му издаде Потврда бр.14 за дополнување со странските програмски сервиси MTI и DM SAT. Имајќи го предвид наближувањето на Светското првенство во фудбал, се отвори дилема во врска со поседувањето Договор за уредени авторски и други сродни права за каналите Show Sport 2, Show Sport 3, Show Sport 4. Со оглед на тоа што јавниот сервис Македонска радиотелевизија ги поседува авторските права за пренесување на фудбалските натпревари, претседателот на Советот побара да се проверат спортските настани кои ќе се реемитуваат во пакетот на КЕЈБЛТЕЛ ДООЕЛ Скопје-Подружница 1 КЕЈБЛТЕЛ Скопје.

**Точка 6**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Штип и заклучи да му издаде Потврда бр. 4 за дополнување на пакетот со 18 (осумнаесет) странски програмски сервиси: Balkanika, FEN TV, Planeta, Hayat, Viasat History, Viasat Explorer (кодиран по 00:00 часот), TV 1000 (кодиран по 00:00 часот), WF, Super Movies, ATV, Orbit ESPN, MTV Adria, VH-1, Hallmark, CNN, RTL, Rai Uno, HRT 1.

**Точка 7**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Сити Свети Николе и заклучи да му издаде Потврда бр.5 за дополнување на пакетот со 4 (четири) домашни телевизиски програмски сервиси: Скај Нет Плус, ТВ Сонце, МНЦ, Џангл ТВ и 22 (дваесет и две) странски телевизиски програмски сервиси: Balkanika, FEN TV, Planeta, Hayat, Viasat History, Viasat Explorer (кодиран по 00:00 часот), TV 1000 (кодиран по

00:00 часот), WF, Super Movies, ATV, Orbit ESPN, National Geographic, France 24, Kanal D, TV5, VH-1, Chasse&Peshe, C1 Rusia, RTCG, FOX Crime, B-92 и RTL.

**Точка 8**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Телекабел Струмица и заклучи да му издаде Потврда бр.3 за дополнување на пакетот со 12 странски програмски сервиси: Balkanika, FEN TV, Planeta, Hayat, Viasat History, Viasat Explorer (кодиран по 00:00 часот), TV 1000 (кодиран по 00:00 часот), WF, Super Movies, ATV, Orbit ESPN и National Geographic.

Заменикот на претседателот м-р Милаим Фетаи побара од Секторот за авторски и сродни права појаснување околу проверката на странските програмски сервиси кои ги реемитуваат јавните комуникациски мрежи, а за кои Советот издава Потврди за регистрација. Раководителот на Секторот за авторски и сродни права, Слободан Беличански објасни дека проверките се вршат на интернет страницата www.lyngsat.com, каде што можат да се најдат и многу други податоци кои се од голема важност. Заменикот на претседателот потенцираше дека мора да се обрне што поголемо внимание на проверката на странските програмски сервиси со цел граѓаните не бидат оштетени, за што се согласија сите членови на Советот.

**Точка 9**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД-оператор на кабелска мрежа Супер Хит и заклучи да издаде Потврда бр.5 за дополнување на пакетот со 11 (единаесет) домашни ТВ/РА програмски сервиси: А1, А2, Сител, Сител 3, Телма, Алфа ТВ, Наша ТВ, АБ Канал, К-15 минус, Канал 5, Канал 5 плус и 20 (дваесет) странски телевизиски прозрамски сервиси: RTS SAT, RTCG, HRT1, SLO1, Super RTL, VIVA, VOX, NET TV, Discovery chanel, Boomerang, Animal Planet, Hallmark, MTV Adria, Eurosport, Hayat, DM SAT, FEN TV, Balkanika, MTI TV и Cartoon Network.

**Точка 10**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговско радиодифузно друштво – оператор на кабелска мрежа Роби ДООЕЛ Подружница Телекабел Скопје и заклучи да издаде Потврда бр. 4 за регистрација на 13 (тринаесет) странски ТВ/РА програмски сервиси: Balkanika, FEN TV, Planeta, Hayat, Viasat History, Viasat Explorer (кодиран по 00:00 часот), TV 1000 (кодиран по 00:00 часот), WF, Super Movies, ATV, Orbit ESPN, National Geographic и France 24.

**Точка 11**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа Алтра сат Охрид и констатираше дека овој оператор реемитува програмски сервиси што се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот, со што го прекршува чл. 109 став 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот одлучи да издаде Налог за исклучување на нерегистрираните програмски сервиси и согласно чл. 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, да упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост.

**Точка 12**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа Инфел КТВ ДОО Охрид и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот, со што го прекршува чл. 109 став 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност. Воедно, овој оператор реемитува програмски сервиси кои се титлувани на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени. Советот заклучи на Инфел КТВ ДОО Охрид да му изрече мерка Налог за исклучување на програмските сервиси: Animal Planet, Discovery, Eurosport, Viasat Explorer, Fashion TV, Viasat History, Kanal D, Pink Plus, SPORT.TV1, Travel, TV 5 MONDE, Vizion Plus, Y&S. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. За непостапување по Налогот за исклучување на програмски сервиси и продолжување со реемитување на програмските сервиси Kanal 5, Mezzo, TV1000, Star TV, RTR Planeta, против Инфел КТВ ДОО Охрид ќе биде поведена прекршочна постапка. Прекршочна постапка ќе биде поведена и за непостапување по член 82, став 2 од ЗРД, што е казниво по член 166 став 1 точка 27 од истиот Закон.

**Точка 13**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа Алмак-сат Гевгелија и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот, со што го прекршува чл. 109 став 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност. Истовремено, операторот реемитува програмски сервиси кои се титлувани на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени (српски титл) не постапил по претходно изречената мерка Налог за исклучување на програмските сервиси бр.11-4252/1 од 21.12.2009 година. Советот заклучи на Алмак-сат Гевгелија да му ги изрече следниве мерки: Налог за исклучување за програмските сервиси: B92, БОМ, Eurosport 2, History, Zone Romantica; да поведе прекршочна постапка поради тоа што не постапил по Налогот за исклучување на програмски сервиси; да поведе прекршочна постапка поради тоа што постапил спротивно на член 82, став 2 од ЗРД, што е казниво по член 166 став 1 точка 27 од истиот закон. Согласно член 165 од ЗРД, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Министерството за култура, како надлежен орган за спроведување на одредбите од овој закон во поглед на употребата на македонскиот јазик.

Поради непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност и повеќекратното непостапување по веќе изречените мерки, Претседателот на Советот Зоран Стефаноски го отвори прашањето за можноста Советот за радиодифузија да покрене кривична постапка против операторите на јавните комуникациски мрежи. Слободан Беличански објасни дека примената на овие норми - поведување на прекршочна и на кривична постапка - честопати доведува до дилема заради недоволната законска прецизност и неможноста секогаш да се направи јасна разлика меѓу незаконско однесување прекршок и незаконско однесување кривично дело. Во тек е подготовка на нов Закон за авторски и сродни права и Министерството за култура инсистира во неговиот текст да се вградат такви решенија коишто ќе прават јасна дистинкција меѓу однесување што ќе има третман на прекршок и однесување што ќе има третман на кривично дело. Ова е сигнал дека и Советот треба да посвети внимание на овој проблем.

**Точка 14**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Спајдер ДОО Гевгелија и констатираше дека операторот на јавна комуникациска мрежа Спајдер ДОО Гевгелија од започнувањето со работа во 2006 година досега, воопшто нема регистрирано пакет на програмски сервиси и практично сите домашни и

странски програмски сервиси што се реемитувани и констатирани за време на мониторингот на Советот се надвор од пакет. Поради прекршувањето на член 109 став 2 од Законот, Советот заклучи на Спајдер ДОО Гевгелија да му издаде Налог за исклучување на целиот пакет програмски сервиси и да упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост.

**Точка 15**

Советот го разгледа Извештајот од мониторинг на програмскиот пакет на операторот на јавна комуникациска мрежа ГИВ Гостивар. Во рамките на оваа точка беше одобрен предлогот, даден од страна на претседателот на Советот на почетокот на седницата, да се прифати Барањето за регистрација на програмски сервиси на ГИВ Гостивар, коешто во меѓувреме пристигна во Советот за радиодифузија. Советот одлучи на ГИВ Гостивар да му издаде Налог за исклучување на оние канали кои не се во Барањето за регистрација. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Против операторот ГИВ Иван и други ДОО Гостивар, Советот ќе поведе прекршочна постапка за непостапување по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси и продолжувањето со реемитување на програмските сервиси OBN и HRT 2.

**Точка 16**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Мултимедија Л Гостивар и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што го прекршува член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот заклучи да издаде Налог за исклучување на програмските сервиси: LIG.TV, a TV, Aksion, Animal Planet,Balkanika, Cartoon Network, CNN, Deluxe MusicDiscovery, DM SAT, ERT, Eurosport,Fashion TV, HRT 1, Kanal D, KHAL tur, KLAN,MTV Adria, N 24 -ger.,National Geographic, Pink Extra, POWER tur, RTCG, RTK 1 , RTL –germ, RTS, RTV 21, S, S 1, S 2, Star, SHOW, SKY Sport, TG 5 it, TOP channelTRT international, TVSH,OBN,Nova TV, HBO и HRT2. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Против операторот Мултимедија Л Гостивар, Советот ќе поведе прекршочна постапка поради непостапувањето по Налогот за исклучување на програмски сервиси и продолжувањето со реемитување на програмските сервиси OBN, Nova TV, HBO и HRT 2.

**Точка 17**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Кале 2001 ДООЕЛ Кичево и констатираше дека овој оператор реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што го прекршува член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот заклучи да издаде Налог за исклучување на програмските сервиси: B92, Kanal 1 – Rusija, Balkanika, Kanal D, Bang Bang, KLAN, Boomerang, Nat Geo, Chasse&Pache, DM SAT, Pink Action, Eurosport, Pink Plus, Fashion TV, Planeta, FEN, RTK , FOX Crime, Hayat, RTS 2, S turski, History, SKY Sport, HRT 2, TOP show, TV 1000, TV Vitashop, TVSH, VH 1, Vizion Plus. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Против операторот Кале 2001 ДООЕЛ Кичево, Советот ќе поведе прекршочна постапка поради тоа што не

постапил по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси и продолжил со реемитување на програмските сервиси Nova TV, RTL Hrvatska и HBO.

**Точка 18**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Канал 16 Ресен и констатираше дека овој оператор реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што го прекршува член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот заклучи да издаде Налог за исклучувањена програмските сервиси: B92, Cartoon network CNN, France 24, Hallmark, Viasat History, Kanal D, Pink Plus, VH-1,WF, K-15 музика,ТВ Сонце, Скај нет плус и К-15 минус. Согласно член 37 став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Поради непостапување по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси Boomerang, MTV Adria, Rusija 1, Discovery, Travel, Star, Chasse & pecheи и продолжувањето со нивно реемитување, Советот ќе поведе прекршочна постапка. Поради реемитувањето програмски сервиси, титлувани на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени (српски титл), Советот против операторот Канал 16 Ресен ќе поведе прекршочна постапка.

**Точка 19**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Г-ОН ДООЕЛ Дебар и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што го прекршува член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Целта на Советот не е, како што посочи заменикот на претседателот м-р Милаим Фетаи, да ги казнува операторите, меѓутоа мора да се обезбеди почитување на Законот. Советот заклучи на Г-ОН ДООЕЛ Дебар да му издаде Налог за исклучувањена програмските сервиси:S1,Aksion,Boomerang, Chasse&Peshe, SNN, Kanal D, Klan, MY Music, Rai Due, RTK, RTV 21, S2, SHOW, TG 5, TOP Channel, Tring Comedy, Tring Life, Tring Planet, Tring Shqip, T-Tirana, TV 1000, TVSH Vizion Plus. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Воедно, против операторот Г-ОН ДООЕЛ Дебар Советот ќе поведе прекршочна постапка за непостапување по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси и продолжувањето со реемитување на програмските сервиси Nova TV, HBO,RTL Hrvatska и HRT 2. Прекршочна постапка ќе биде поведена и поради тоа што Г-ОН ДООЕЛ Дебар постапил спротивно на член 82, став 2 од ЗРД, што е казниво по член 166 став 1 точка 27 од истиот Закон. Согласно член 165 од ЗРД, Советот ќе упати барање за спорведување на инспекциски надзор до Министерството за култура, како надлежен орган за спроведување на одредбите од овој закон во поглед на употребата на македонскиот јазик.

**Точка 20**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Микс Нет од Битола и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што е прекршен член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот заклучи да му издаде Налог за исклучувањена програмските сервиси:TV 1000, ANT Grcija, B92, Boomerang, CNN, Viasat Explorer, Fox Crime, Mediashop, Monde, Mreza Plus, National Geographic, RTS 1, RTS 2, Sport 1, R1- rusija. Согласно член 37 став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. Против операторот МИКС НЕТ ДООЕЛ Битола, Советот ќе поведе прекршочна постапка поради тоа што постапил спротивно

на член 82, став 2 од ЗРД, што е казниво по член 166 став 1 точка 27 од истиот Закон. Прекршочна постапка против МИКС НЕТ ДООЕЛ Битола ќе биде поведена и за непостапување по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси и продолжувањето со реемитување на програмските сервиси Show, Fox life, HRT 2, Chese&Peche, Sport Klub, Mega, Pink Action.

**Точка 21**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот пакет на Роби Моби од Битола и констатираше дека операторот реемитува програмски сервиси кои се надвор од програмскиот пакет регистриран во Советот за радиодифузија, со што го прекршува член 109 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузна дејност. Советот заклучи да издаде Налог за исклучување за програмските сервиси:Скај Нет Плус, Орбис, Телма, К-15 музик, Тера, Меди, Канал 5, Balkanika, BN, Fashion TV, FOX Crime, HRT1, Monde, Mrezza Plus, Pink Movies, National Geographic, Planeta, Speed TV, Sport Klub, Super Movie, TV 1000, ZONE Reality, Pink Action. Согласно член 37, став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Државниот пазарен инспекторат и до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост. За непостапување по мерката Налог за исклучување на програмски сервиси и продолжувањето со реемитување на програмските сервиси HRT 2, Fishing and Hunting, MEGA, Pink Plus, SLO 1, RTS 1, History, FOX - Sport, A TV, Cartoon Network, CNN, Советот ќе поведе прекршочна постапка. Прекршочна постапка ќе биде поведена и поради тоа што операторот Роби-Моби Битола постапил спротивно на член 82, став 2 од ЗРД, што е казниво по член 166 став 1 точка 27 од истиот Закон. Согласно член 165 од ЗРД, Советот ќе упати барање за спроведување на инспекциски надзор до Министерството за култура, како надлежен орган за спроведување на одредбите од Законот во поглед на употребата на македонскиот јазик.

**Точка 22**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Друштво за транспорт, трговија и услуги Парма – Шпед ДООЕЛ Куманово и заклучи да му издаде Потврда бр.3 за дополнување на пакетот со 2 (две) домашни ТВ/РА програмски сервиси: АБ Канал и Канал 5.

**Точка 23**

Советот го разгледа Барањето за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Кејблтел ДООЕЛ Скопје за градовите Скопје, Куманово, Велес, Тетово и Штип и заклучи да му издаде Потврда бр.12 за дополнување на пакетот со 3 (три) домашни ТВ/РА програмски сервиси: МТВ1, МТВ2, и Собраниски канал и еден странски програмски сервис -Hallmark.

**Точка 24**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за ослободување од плаќање радиодифузна такса во населените места кои не се покриени со радиодифузен сигнал, односно немаат квалитативен прием на програмите на јавното радиодифузно претпријатие „Македонска радиотелевизија“ и заклучи во населените места с. Бесвица, општина Демир Капија, с. Беловодица, општина Прилеп и ул. Бошко Буха во Струмица да не се плаќа радиодифузна такса.

**Точка 25**

Советот ја разгледа Предлог-Одлука за распишување конкурс за доделување 19 (деветнаесет) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво преку аналоген терестријален предавател и јавни комуникациски мрежи (кабел или IPTV), и тоа:

- 2 (две) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик, за регион РР-1,
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (едната) на македонски јазик и 1 (едната) на албански јазик , за регион РР-2,
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик, за регион РР-3,
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик, за регион РР-4,
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик, за регион РР-5,
- 3 (три) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик и 1 (едната) на албански јазик, за регион РР-6,
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (едната) на македонски јазик и 1 (едната) на албански јазик, за регион РР-7 и
- 4 (четири) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик и 2 (двете) на албански јазик, за регион РР-8.

По Предлог-Одлуката се отвори дискусија. На гласање беа ставени предлозите на заменикот на претседателот м-р Милаим Фетаи наместо 2 за регионот РР-5, да се доделат 3 дозволи, од кои една на јазик на немнозинска заедница и предлогот на Столе Наумов за критериумот „вложување и развој“ да има 10 бода. Предлогот на Столе Наумов не беше прифатен, за разлика од предлогот на заменикот на претседателот и Советот, со 6 (шест) гласа „за“ и 1 (еден) воздржан (Столе Наумов) донесе Одлука за објавување Конкурс за доделување 20 (дваесет) дозволи за вршење радиодифузна дејност за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво преку постоен аналоген терестријален предавател, јавни комуникациски мрежи (кабел или IPTV) и дигитална терестријална мрежа (дигитални мултиплекси за пренос на телевизиски програмски сервиси на регионално ниво) и тоа:

- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-1,
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (една) на македонски јазик и 1 (една) на јазик на немнозинска заедница, за регион РР-2,
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-3,
- 2 (две) дозволи, од кои 2 (две) на македонски јазик, за регион РР-4,
- 3 (три) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик и 1 (една) на јазик на немнозинска заедница, за регион РР-5,
- 3 (три) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик и 1 (едната) на јазик на немнозинска заедница, за регион РР-6,
- 2 (две) дозволи, од кои 1 (едната) на македонски јазик и 1 (една) на јазик на немнозинска заедница, за регион РР-7 и
- 4 (четири) дозволи, од кои 2 (двете) на македонски јазик и 2 (две) на јазик на немнозинските заедници, за регион РР-8.

**Точка 26**
**Разно:**

Советот за радиодифузија ја одобри Молбата (бр.04-1739/1 од 09.06.2010 година) на маја Дамевска, референт – деловен секретар во Секретаријатот на Советот, за одобрување средства за запишување на 3 студиски години, односно 6 семестри на Филолошкиот факултет во Скопје „Блаже Конески“, Катедра за славистика. Советот донесе одлука на работникот Маја Дамевска, распоредена на работно место ‘референт – деловен секретар‘ во Секретаријатот на Советот, да ѝ се одобрат средства за запишување на 3 студиски години, односно 6 семестри на Филолошкиот факултет во Скопје ‘Блаже Конески‘ – Скопје, Катедра за славистика, од кои:

- средства во износ од 400 EUR, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на денот на плаќањето, за првично запишување на втората студиска година, и
- средства во износ од 800 EUR, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на денот на плаќањето, за првично запишување на третата (400 EUR) и четвртата (400 EUR) студиска година, кои се одобруваат условно и истите ке се исплатат доколку се стекнат услови за запишување на следната студиска година, односно семестар.

Уплатата на средствата, наведени во точка 1 на оваа Одлука, ќе се врши на следниот начин и со следната динамика, и тоа:
- за запишување на втората студиска година, односно два семестри, уплатата ќе се врши на 2 (две) рати од по 200 EUR, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на денот на плаќањето;
- уплатите на надоместоците за летните и зимските семестри од третата и четвртата студиска година (вкупно четири семестри), ќе се врши последователно, на две рати, доколку се исполнети условите за нивно запишување, врз основа на потврда издадена од наведениот факултет. Износот на средствата за запишување на втората студиска година, наведени во точка 1 на оваа Одлука, ќе се исплатат од средствата предвидени за таа намена со Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година.

Износот на средствата за запишување на третата, односно четвртата студиска година, наведени во точка 1 на оваа Одлука, ќе се исплаќаат последователно од средствата предвидени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за односната тековна година кога ќе се стекнат условите за нивно првично запишување, врз основа на потврда издадена од наведениот факултет. Се задолжува Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката од Точка 2 на овој заклучок и да подготви договор со кој ќе се утврдат правата и обврските помеѓу Маја Дамевска и Советот за радиодифузија на РМ, согласно подзаконските акти на Советот.

**Бр. 02-1719/19**
**05.07.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Огнен Неделковски**